# CONTEMPORARY TENDENCIES IN THE DEVELOPMENT OF THE SCHOOL LIBRARIES

**Suzana Kotovchevska**
"Ss. Cyril and Methodius" University in Skopje, Faculty of Pedagogy „St. Kliment Ohridski"– Skopje, Republic of Macedonia suzana_kot@yahoo.com

**Abstract:** The development of the modern society was conditioned by the very rapid development of modern science and technology. This relatively rapid increase inevitably initiated a significant change of libraries as institutions and places for deposing, finding and access of information sources.
School libraries, which represent the main source of information in the schools, apart from the educational function, they also represent communication centers of information contained in their funds, which contribute in acquiring new knowledge, ideas and experiences for achieving solutions in the function of achieving the educational goals .
For successful and complete achievement of the goals and tasks of the school libraries it is necessary to monitor the contemporary trends in library operations. By doing so, they would respond to all the research and more complex information and communication and research needs of their users, and would adapt to the technological and educational requirements of the new information society, which at the same time is a society of learning as well as a knowledge society.
**Keywords**: school libraries, information, knowledge.

# СОВРЕМЕНИ ТЕНДЕНЦИИ ВО РАЗВОЈОТ НА УЧИЛИШНИТЕ БИБЛИОТЕКИ

**Сузана Котовчевска**
Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје, Педагошки факултет „Св. Климент Охридски" – Скопје, Република Македонија, suzana_kot@yahoo.com

**Резиме:** Развојот на современото општество беше условен со мошне брзиот развој на современата наука и технологија. Овој релативно брз пораст неминовно инициранше значајна промена на библиотеките како институции и места за депонирање, пронаоѓање и достапност на информациските извори.
Училишните библиотеки кои претставуваат главен извор на информации во училиштата покрај воспитно – образовната функција тие претставуваат и комуникациски центри на информации содржани во нивните фондови, кои придонесуваат за добивање на нови знаења, идеи и искуства за постигнување решенија во функција во остварување на воспитно – образовните цели.
За успешно и целосно остверување на целите и задачите на училишните библиотеки неопходно следење на современите трендови во библиотечното работење. Со тоа би одговориле на сите истражувања и покомплексни информационо-комуникациски и научно-истражувачки потреби на своите корисници, и би се прилагодиле на технолошките и едукативните барања на информациското општество што настапува, кое истовремено е општество на учењето и општество на знаењето.
**Клучни зборови**: Училишни библиотеки, информации, знаење.

## 1. ВОВЕД

Дигиталната револуција претставува најзначајна револуција во комуникациите од откривањето на печатницата. Развојот на информациските и комуникациските технологии го трансформира современото општество во „информациско општество" во кое влијанието на современите средства за комуникација на сите нивоа на секојдневниот живот е огромно. Дигиталната револуција врши трансформација речиси на сè што работиме: како работиме, како комуницираме, но пред сè, како им пристапуваме на информациите. Оддалеченоста престанува да биде бариера - со компјутерот сместен било каде, можеме да ги направиме достапни сите материјали во дигитален облик, кои исто така, се наоѓаат било каде во светот. Со новата револуција, светот постана буквално - во вистинска смисла на зборот на дофат на нашите прсти. Со проширувањето на електронските информации и комуникации, а посебно на мрежните информации се создадоа и неопходните услови за појавата на дигиталните библиотеки
Библиотеките како едно од основните обележја на цивилизацијата со нивната содржина го поттикнуваат умот, предизвикуваат оригинално размислување и ги истакнуваат новите начини на гледање на светот.

Државите и нациите кои се загрижени за севкупниот развој на потенцијалите на своите граѓани и кои сакаат да ја збогатуваат слободата на изразување, имаат огромна потреба и историска одговорност за развојот на библиотеките и библиотекарството воопшто.

## 2. СОВРЕМЕНИ ТЕНДЕНЦИИ ВО РАЗВОЈОТ НА УЧИЛИШНИТЕ БИБЛИОТЕКИ

Библиотеките кои функционираат во состав на основните и средните училишта односно училишните библиотеки се од голема важност за постигнување на добивање нови знаења, нови идеи, искуства и решенија за постигнување на остверување на воспитно образовните цели во училиштето. Тие придонесуваат во воспитно образовниот и културниот развој на учениците и стручно усовршување на наставничкиот кадар. Исто така овозможуваат побрз пристап до соодветни извори на информации, во добивањето на нови знаења, идеи и искуства за постигнување решенија во функција на остварување на воспитно-образовните цели. Училишните библиотеки, по правило вршат идентични библиотечни процеси како и другите видови библиотеки. Нивната основна задача е комплетирање на книжниот фонд, обезбедување достап до квалитетни и актуелни публикации и информации што се во склад со наставните програми и планови. [23]

Денес во сите современи училишта мошне значајно место ѝ припаѓа на училишната библиотека. Таа е важно информациско средиште, и е средство за модернизација на воспитно – образовната работа како извор и јадро на образовните информации и можности за учење, самообразование и напредување. Имено, станува збор за добро осмислена и организирана библиотека која е ефикасно поврзана со наставата и со севкупниот наставно - образовен процес и претставува значаен центар во кој се одвива богата педагошка, инструктивна работа со учениците.

Училишните библиотеки претставуваат информациско, медиумско, комуникациско и културно средиште на училиштето. Содржината на училишната библиотека ја сочинува организираната збирка на книжна и на некнижна граѓа која, со можноста за пристап до електронските извори на информации и стручната работа на библиотечниот персонал, служи за задоволување на информациските, образовните, стручните и културните потреби на корисниците (учениците и наставниот кадар).

Во училишната библиотека, учениците развиваат и усвојуваат нови знаења и вештини, истражуваат и поврзуваат различни идеи. Но, за исполнување на своите задачи спрема своите корисниците таа треба да биде достапна, добро опремена, мора да понуди нов, соодветен и привлечен библиотечен материјал, со различна тематика и со соодветна стручна подготовка на библиотешниот кадар. Училишната библиотека треба да ги собере, обработи и да ги стави во функција сите извори на знаење (од книги до Интернет информации) со помош на современата технологија, а со тоа таа станува информациско и наставно средиште на училиштето.

Во суштина, училишните библиотеки како центри на знаење и култура, на суптилен начин, ја обединуваат традицијата и современоста, претставувајќи линк на временската вертикала, бидејќи таа ги следи најновите образовни и информациски потреби на своите корисници. Овие библиотеки претставуваат функционално поврзување на повеќе извори на знаења (книги, аудио и видео-касети, филмски ленти, компјутери, современи аудиовизуелни средства), што подразбира мултимедиски приод во изведувањето на наставните содржини.

Само таква современа училишна библиотека, учениците-корисници можат да ја прифатат како ризница на човечкото знаење и култура, место каде можат да ги добијат одговорите на многу прашања и каде што ќе се поттикне нивниот творечки и истражувачки дух. Тоа е и основата на самостојното учење бидејќи со престојот во современа училишна библиотека, ученикот може да се сретне со сите книжни и некнижни извори на информации и знаења кои овде се централно сместени, спроведени во каталог и на дофат на корисниците. Денешните библиотеки како никогаш досега минуваат низ крупни и непрекинати промени во своето работење, како последица од брзиот напредок на информатичката технологија, информациската наука и општеството. Тие иновативни промени треба да се искористат и да се приспособат, со што би се зголемил интересот на популацијата за библиотеката и за користење на нејзините фондови и услуги.

Со позитивните промени во образованието, се менува и функцијата на библиотеките и сè повеќе таа прераснува во библиотечен, информативен и мултимедијален центар.

[23] Котовчевска, С. (2007). *Македонското библиотекарство низ вековите*. Скопје.

Современата училишна библиотека на суптилен начин ја обединува традицијата и современоста, претставувајќи линк на временската вертикала, бидејќи таа ги следи најновите образовни и информациски потреби на своите корисници. Библиотеките во училиштата имаат големо значење поаѓајќи од фактот дека образованието е задолжително и сите деца мораат да дојдат во контакт со нив, па оттаму и нивната улога во образовно-воспитниот процес е од особено значење. Според досегашната терминологија и сфаќања тие претставувале места каде што учениците доаѓаат да земат или вратат книги, најчесто школски лектири. Меѓутоа, според IFLA/UNESKO манифестот за школски библиотеки, улогата која библиотеките ја имаат во воспитно-образовниот процес е далеку поголема.

Во врска со сето ова, во Манифестот се предложени основните карактеристики кои треба да ги поседува една училишна библиотека: „Училишната библиотека дава информации и сознанија кои се неопходни за успешно учествување во современото општество засновано на информации и знаење. Училишната библиотека им овозможува на учениците да ги совладаат вештините на учење во текот на целиот живот, да ги развијат своите креативни способности и да ги оспособува да бидат одговорни граѓани. Таа им дава помош во образовно-воспитниот процес на сите кои учествуваат во него и е од пресудно значење во развитокот на писменоста, образованието, добивањето на информации, економскиот, општествениот и културниот развиток на секој поединец. За училишните библиотеки се одговорни локалните, регионалните и државните органи на управување, кои затоа мораат да донесат соодветни прописи и програмски документи. На овие библиотеки задолжително им се обезбедува соодветно финансирање и доволно средства за библиотечниот кадар, нивно стручно усовршување, за набавка на книжен фонд, нова технологија и слично. Нивните услуги се бесплатни. Училишните библиотеки мораат да бидат составен дел од локалните и регионалните мрежи, а исто така и во национално-информациска мрежа (IFLA, 419-420)“.24

Училиштето, покрај образовно-воспитната компонента, е еден од главните чинители во создавањето, негувањето и развитокот на културата, културниот идентитет на еден народ. Библиотеката како составен дел на секое училиште само ги надополнува и зајакнува културните вредности кај младите генерации, таа е патоказ кон богатството од знаење, идеи, прогрес. А сето тоа е поврзано со развивање на чувството за читање, пред сè на својот мајчин јазик, но, се разбира, и на светски присутните јазици во нашиот образовен систем. Токму тоа е функцијата и намената на училишните библиотеки: развивање на чувството и потребата за читање кај учениците, бидејќи тоа единствениот пат кон успехот, јакнење на сопствениот интелект, спознавање на самиот себеси, светот во кој живееме. Интересот за библиотеката, запознавањето со богатството кое таа го нуди кај децата треба да се воспоставува постапно, од првите училишни денови. Во тие моменти кога од светот на играта и безгрижноста буквално влетуваат во образовно-интелектуалниот „океан“, мошне важен е начинот на приемот и комуникација на наставникот и библиотекарот со овие невини суштества. Ако во тие моменти се воспостави вистинска интеракција, понатамошните воспитно-образовни процеси ќе добијат позитивен тек, ако тогаш ја прифатат библиотеката како „нивно катче“, таа ќе стане место каде тие постојано ќе престојуваат. Запознавајќи ги со работата, просторот, распоредот на книгите така го јакнеме нивниот интерес кон книгата, читањето, всушност, односот кој ќе се формира кон книгата во основното училиште, ќе ги следи цел живот.

## 3. ОД УЧИЛИШНИ БИБЛИОТЕКИ КОН МУЛТИМЕДИЈАЛНИ ЦЕНТРИ ВО УЧИЛИШТАТА

Новата улога и проширените задачи на училишните библиотеки на современото време, бараат од нив да се менуваат како би одговориле на сите истражувања и покомплексни информационо-комуникациски и научно-истражувачки потреби на своите корисници, и како би се прилагодиле на технолошките и едукативните барања на информациското општество што настапува, кое истовремено е општество на учењето и општество на знаењето.

Тие проширени функции на библиотеката се остваруваат најмногу во рамка на библиотечно-информациските дејности, со оглед на тоа дека се додаваат и некои нови елементи, кои се однесуваат на инструктивна и методолошка работа со корисниците, како со учениците, така и со наставниците.

Организацијата на Обединетите нации за образование, наука и култура (UNESKO) и меѓународното здружение на библиотекарите – IFLA (INTERNATIONAL FEDERATION of LIBRARY ASSOCIATIONS) донеле 2000 година Манифест за училишните библиотеки, документ во кој се зборува за нивната улога во подучување и учење наменети за сите. Врз основа на овој манифест донесени се следната 2001 година, Насоки за училишни библиотеки во кој се прецизираат целите и задачите на училишните библиотеки во

[24] Кузмановиќ, Ј. (2012). *Нова улога библиотеке у основним школама и комуникациска стратегија за њено промовисање*. Београд: Мегатренд универзитет.

рамка на воспитно – образовниот, но и поширокиот, културолошки контекст. Помеѓу останатото, во Насоките се зборува за новата, електронска, компјутерска и аудио – визуелна опрема и начинот на нејзиното користење, за електронските извори на информации и знаења кои се превземаат од Интернет и дигиталните носачи, како и моделите на програмите за стекнување на вештини во учењето и информатичката писменост.
Насоките за информатичка писменост од аспект на училишното библиотекарство се однесува на припремата и обуката на корисниците, ученици и наставници да изградат знаење врз основа на информацијата : да создадат квалитетен производ; да учат самостојно; делотворно да учествуваат во работата на групата; да користат информации и информациона технологија одговорно и етичко. 25
**Информатичката револуција довела до промена на парадигмите во училишното библиотекарство. Модерната училишна библиотека се повеќе се доживува како мултимедијален центар на училиштето,која во себе ги вклучува покрај стандардната книжна граѓа и медиотека и следните сегменти : графотека, фототека, фолиотека, видеотека, филмотека, цедетека (софтотека) и дијатека. 26**
Треба да се истакне дека претходните години поедини училишни библиотеки имале и посебен дел, медиотека, за сега веќе технолошки надминати дидактички наставни средства и технички аудио-визуелна опрема (а тоа се : дијапроектори, грамафони, магнетофони, касетофони и видео рекордери). За работа на медијатекарот воглавном се одредени наставници со техничко образование и библиотекари - информатичари како стручни, и за овој сегмент од библиотекарството компетентни лица. Во меѓувреме, со законските прописи местото медијатекар е укинато во училиштата, па постојаните библиотекари(инаку учители и наставници по македонски јазик во основните училишта и наставници по било кој стручен предмет во средните училишта) во поголем број се нашле да бидат чувари на затекнатата техничка опрема и ништо повеќе од тоа. Затоа цело време се поставувало прашањето за информатичко-техничката и образовно-технолошката подготовка на наставниците кои ја обавуваат работата на училишен библиотекар бидејќи тие во своето образование за поедини струки немале прилики да се стекнат со соодветно знаење, неопходно за користење на понапредните аудио визуелни и информатичката опрема (дигитални фотоапарати и камери, графоскопи, т.н. паметни табли, разгласни страници и системи, скенери, компјутери, штампачи и друго).
Постојат и мислења дека во блиска иднина ќе се случи трансформација на училишните библиотеки во училишни инфотеки, така што главни производи на училишните библиотеки ќе станат информациите и специјалната образовна услуга. Зоран Хамовиќ смета дека таа ќе се трансформира во информациски центар на училиштето но и место за управување со информациите и произведување на знаење, а дека училишниот библиотекар ќе стане креативен инфотекар. Според Хамовиќ „Библиотечната услуга повеќе не се заснова на издавање книги или други медиуми на корисниците, туку на информацијата која библиотекарот според нарачката на корисникот треба да ја истражи, обработи и дистрибуира". 27
Значи современата училишна библиотека станува креативен простор во кој се реализира производство на нови и афтохтони изори на информации и знаења, кои и покрај традиционалните (паноа, ликовно-уметнички и технички трудови на учениците) ќе бидат и оние електронски како што се (наставните содржини на дискови, пауер - поинт презентации), училишен весник во дигитален облик, фотографирани или снимени училишни фотографии.
Притоа, во иднина училишниот библиотекар нема да биде единствено посредник во доаѓањето до изворот на знаење, или техничко- информатички консултант, туку стручен соработник кој поттикнува , усмерува и едуцира ученици и колеги наставници. Училишниот библиотекар мора да помогне на својте ученици и колеги не само низ личниот истражувачко-создавачки труд туку и со докажување на тоа како самостојно да дојдат до вредни и потребни информации и извори на знаење односно да извршат добра селекција на материјалот. Порано тоа се однесувало на книжната, а сега на новата електронска-дигитална граѓа. Со тоа би се спречило и лутањето во морето на информации на Интернет, чија хипер продукција повеќе одмага отколку што помага на современите трагачи за знаење истражувачи на сите нивоа.
Оваа нова услуга се состои од давање на конкретни информатичко-технички и методолошки инструкции на учениците и наставниците. Како самите би биле непосредно работно - истражувачки ангажирани , а не само пасивни корисници на она што им го пронајде библиотекарот. Библиотекарот им помага да ја усвојат вештината на пристапување до информациите, одредувањето на нивниот карактер, квалитет, ширина,

[25] IFLA /UNESKO. Smernice za školske biblioteke. Glasnik NBS. 1/2005, 412.
[26] Vlakovič, B. (2006). *Od biblioteke ka multimedija centru škole* . Sremski Karlovci.
[27] Hamovič , Z. (2008). Uvođenje u internet. Beograd : Clio. Str. 221.

практична вредност , односно адекватноста во однос на искажаната потреба за нив. При тоа многу е важно, покрај практичното методолошко усмерување и асистенција да се води сметка за културолошкиот и воспитниот аспект и општите педагошки начела, особено во основното училиште, каде, на пример многу повеќе внимание се посветува на рзвивање на сознајно-развојни, креативно-уметнички и етички вредности, а нешто помалку во развивањето на научно-истражувачките потенцијали кај учениците.

## 4. ЗАКЛУЧОК

Училиштето, покрај образовно-воспитната компонента, е еден од главните чинители во создавањето, негувањето и развитокот на културата, културниот идентитет на еден народ. Библиотеката како составен дел на секое училиште само ги надополнува и зајакнува културните вредности кај младите генерации, таа е патоказ кон богатството од знаење, идеи, прогрес.

Училишните библиотеки претставуваат информациско, медиумско, комуникациско и културно средиште на училиштето. Содржината на училишната библиотека ја сочинува организираната збирка на книжна и на некнижна граѓа која, со можноста за пристап до електронските извори на информации и стручната работа на библиотечниот персонал, служи за задоволување на информациските, образовните, стручните и културните потреби на корисниците (учениците и наставниот кадар).

Во суштина, училишните библиотеки како центри на знаење и култура, на суптилен начин, ја обединуваат традицијата и современоста, претставувајќи линк на временската вертикала, бидејќи таа ги следи најновите образовни и информациски потреби на своите корисници. Овие библиотеки претставуваат функционално поврзување на повеќе извори на знаења (книги, аудио и видео-касети, филмски ленти, компјутери, современи аудиовизуелни средства), што подразбира мултимедиски приод во изведувањето на наставните содржини.

Значи современата училишна библиотека станува креативен простор во кој се реализира производство на нови и афтохтони изори на информации и знаења.

Во функција на успешно остварување на воспитно-образовниот процес на ниво на основно и средно образование, држење чекор со новите знаења и вештини на национално и глобално ниво и профилирање на успешни личности и професионалци за новиот милениум.

## ЛИТЕРАТУРА

[1] Hamovič , Z. (2008). Uvođenje u internet. Beograd : Clio.
[2] IFLA /UNESKO. Smernice za školske biblioteke. Glasnik NBS. 1/2005, 412.
[3] Kastels,M. (2000). *Uspon umreženog društva*. Zagreb: Golden marketing.
[4] Kelner,D. (2004). *Medijska kultura*. Beograd:Clio.
[5] Lorimer,R. (1998). *Masovne komunikacije*. Beograd:Clio.
[6] Vlakovič, B. (2006). *Od biblioteke ka multimedija centru škole* . Sremski Karlovci.
[7] Котовчевска, С. (2007). *Македонското библиотекарство низ вековите*. Скопје.
[8] Кузмановиќ, Ј. (2012). *Нова улога библиотеке у основним школама и комуникациска стратегија за њено промовисање*. Београд: Мегатренд универзитет.